# Национална Агенција за Нуклеарни Технологии на Република Македонија

Почитувани,

По потпишувањето во 2009 год. на договорот за соработка меѓу Р. Македонија и ЦЕРН - Европскиот центар за нуклеарни истражувања во Женева, Швајцарија, (www.cern.ch) Националната Агенција за нуклеарни технологии на Р. Македонија - НАНТ реализира секоја година престои на наши студенти, постдипломци, наставници и техничари во ЦЕРН.

Со денешниот допис би сакале уште повеќе да ја продлабочиме оваа соработка со еден нов пристап, кој, сигурни сме ќе го побуди вашиот интерес за вклучување на вашата институција во работата на ЦЕРН, најголемиот научно-истражувачки центар во светот денеска.

ЦЕРН, првата Европска институција основана во 1955 год., работи на откривање на тајните на материјата и антиматеријата, односно на елементарните честички. Минатогодишното откритие на Хигс-овиот Бозон кое ја донесе и Нобеловата награда на неговите пронаоѓачи е еден пример за таа активност. При тоа ЦЕРН користи најсовремени технологии како суперкондуктивни електромагнети, највисок можен вакуум, најбрза електронска комуникација (Интернетот е пронајден во ЦЕРН), како и низа други технологии со врвен дострел.

На барање на НАНТ, Проф. Д-р Мајкл Дозер (Michael Doser) ќе одржи серија предавања од почетокот на месец март, односно на 5., 12., 19. И 26. Март, како и во месец мај 2014 год. Предавањата ќе ги опфатат актуелните активности на ЦЕРН со големиот хадронски колајдер, LHC, а особено со експериментите на Проф. д-р Дозер за AEGIS, мерење на гравитациската интеракција меѓу материјата и антиматеријата. Секое предавање ќе има фиксен термин еднаш во седмицата и времетрање од 45 мин.

Доколку сте заинтересирани, НАНТ може да ви обезбеди бесплатен online пристап на предавањата. Доколку сте поголема група интересенти, пожелно е да обезбедите лице, IT специјалист, кој ќе одговара за конекцијата на предавањата. За технички детали при приклучок на предавањата може да се обратите до нашиот IT координатор, Ненад Станковски ( nenad.stankovski@nant.gov.mk ) или да нѝ ги соопштите податоците на вашиот IT координатор.

Во очекување на успешна соработка, срдечно ве поздравуваме.

Проф. д-р инж. Златко Димчовски | Датум:

Директор | 13.02.2014

Национална Агенција за Нуклеарни Технологии (НАНТ)

Ул. Кеј Димитар Влахов Бр 4, 1000 Скопје Тел/факс: +389 2 3122 905
E-mail info@nant.gov.mk Веб-страница www.nant.gov.mk